# Деценија на транзиција-деценија на шокови и “меури”

**Димитар Богов**

## Вовед

Една деценија транзиција на македонската економија беше придружена со постојано менување на екстерни шокови дополнети со политичката нестабилност својствена за балканскиот регион во целина. Македонската економија е мала отворена економија во која висината на надворешно-трговската размена е приближно еднаква на БДП. Поради тоа, бројните екстерни шокови присутни во изминатата деценија имаа исклучително големо влијание врз економските тенденции предизвикувајќи ги креаторите на економската политика да дизајнираат соодветни одговори. Меѓутоа, успешноста на економските политики е неизбежно определена од точната дијагноза на економските проблеми.

Екстерните шокови и политичката нестабилност на регионот се широко експлоатирани од сите Влади на Република Македонија и од некои економисти како оправдување за слабите перформанси на македонската економија. Наспроти ова широко прифатено гледиште во овој документ ќе покажеме дека два од многуте шокови имаа позитивно влијание на краток рок со многу карактеристики на “Холандска болест”[1].

## “Холандска болест” - прв пат

Бидејќи во Македонија не беа откриени природни ресурси, прашањето е што беше изворот на двата случаја “Холандска болест”. Појавата на првиот случај дојде како резултат на трговското ембарго на ООН кон Сојузна

[1] Корените на поимот “Холандска болест” потекнуваат од 1959 година кога во Холандија беа окриени големи наоѓалишта на природен гас. Откритието на богатите природни ресурси го поттикна порастот на холандскиот извоз истовремено редуцирајќи го увозот на енергија. Како резултат на тоа дојде до апресијација на холандскиот гулден и пораст на платите што доведе до процес на деиндустријализација во следните десет години, пад на корпоративните инвестиции, зголемување на невработеноста и пад на учеството на добивката во националниот доход. Оттогаш, овој поим се користи за секоја ситуација кога моменталната економска среќа на некоја земја на крајот има долгорочен уништувачки ефект. Подоцна, “Холандска болест” беше дијагностицирана во многу земји во развој кои започнаа експлоатација на некој богат природен ресурс.

Република Југославија воведено во 1992 година и подигнато кон крајот на 1995 година. Ембаргото не дозволуваше трговија на земјите членки на ООН со СРЈ освен за некои основни медицински производи. Сепак, сите соседи на СРЈ вршеа трговско посредување помеѓу СРЈ и остатокот на светот. Ембаргото беше особено тешко за Македонија поради комплементарните индустрии на двете земји и развиените деловни врски меѓу претпријатијата во двете земји. СРЈ беше најголем трговски партнер на Република Македонија и заедно со затворените граници од јужниот сосед Грција, целосното почитување на ембаргото од ООН би имало уништувачки ефекти за македонската економија. Затоа и меѓународната заедница толерираше одредени ограничени трговски врски помеѓу Македонија и СРЈ. На почетокот на ембаргото се одржуваше само трговијата помеѓу комплементарните индустрии во двете земји. Но, како што одминуваше времето некои економски агенти беа охрабрувани да го прошират посредувањето помеѓу СРЈ и остатокот на светот. Иако, официјалната статистика не ја регистрираше трговската размена помеѓу Македонија и СРЈ некои парцијални информации откриваат што всушност се случуваше. Во официјалната надворешно-трговска статистика за тој период можат да се најдат некои производи што никогаш пред и по ембаргото не се појавиле во македонската надворешно-трговска структура. Тоа е индикатор дека извозот на СРЈ во трети земји беше прикажан како македонски извоз, додека увозот на СРЈ од трети земји беше вклучен во македонските увозни податоци. Очигледно, македонските компании вклучени во посредувањето наплатуваа значителни провизии кои би можеле да се сметаат како ресурс кој создаваше висок прилив на девизи.

**Координација на макроекономските политики во услови на недетектиран "меур" во економијата**

На почетокот на 1994 година Владата започна сѐопфатна и конзистентна стабилизациона програма која беше поддржана од ММФ преку СТФ (Systemic Transformation Facility) аранжман. Економската политика беше

насочена кон *воспоставување на внатрешна рамнотежа, постигнување одржлива екстерна рамнотежа и олеснување на структурните реформи* на макро (трансформација на државната администрација и системот на социјална заштита) и на микро ниво (приватизација и преструктуирање на општествените претпријатија). Основните карактеристики на економската политика требаше да бидат: *контролирање на нивото на агрегатната побарувачка преку монетарната политика, фискалната политика, политиката на курсот на денарот и контролата на платите; спроведување на структурни реформи за да се засили позицијата на понудата и да се промовира ефикасна алокација на ресурсите.*

Бидејќи курсот активно се користеше во стабилизационата политика, отпрвин како клучен индикатор ма монетарната политика, а подоцна како главно сидро на стабилизационата политика, екстерниот сектор беше оставен без главниот инструмент на надворешно - трговската политика. Номиналниот курс во периодот од декември 1994 до декември 1996 порасна за 5% додека домашната инфлација во истиот период изнесуваше 63% (55% во 1994 година, 9% во 1995 и –0.7% во 1996). Логично, тоа значеше реална апрецијација, која во отсуство на забележителен пораст на продуктивноста во реалниот сектор ја редуцираше профитабилноста на извозната индустрија како и на индустријата која на домашниот пазар се натпреваруваше со увозната конкуренција.  Меѓутоа, истовремено Македонија ги уживаше придобивките од поволниот екстерен шок (веќе споменатите санкции на ООН против Србија и Црна Гора) кој носеше големи суми на девизи, доволни да се покрие дефицитот на тековната сметка на платниот биланс и дури да се зголемат девизните резерви.

Големиот прилив на девизи од реекспортни активности и реалната апрецијација на денарот создадоа поволни услови за увозниците. Домашниот пазар беше преплавен од големиот прилив на евтини увозни стоки потиснувајќи ги домашните производители. За период од три години на спроведување на стабилизационата политика увозот реално порасна за 36%, наспроти 9% пораст на извозот.

Иницијалните услови пред стабилизацијата беа голема внатрешна нерамнотежа и ранлива екстерна рамнотежа. Иницијалните услови во голема мерка ги определија изборот и комбинацијата на мерки и инструменти на економската политика. Бидејќи ситуацијата беше најкритична на домашниот фронт, и поради поволниот краткорочен екстерен шок, ударната политика беше концентрирана на воспоставување на внатрешната рамнотежа. Курсот служеше единствено како индикатор на успешноста на монетарната политика.

Народната банка и Министерството за финансии требаше заедно да ја воспостават внатрешната рамнотежа и да создадат стабилно макроекономско окружување за приватните економски субјекти. Во истовреме Владата требаше да ја спроведе приватизацијата и да овозможи преструктурирање на економијата. Двете политики требаше да ја доведат македонската економија во еквилибриумската точка Е (“Swan” дијаграм), кога преструктурираниот приватен сектор требаше да ја повлече економијата од страна на понудата во 1996, и уште посилно во 1997 година, во стабилен пораст.

Стабилноста на номиналниот курс во 1994 година помогна да се изгради кредибилитетот на стабилизационата политика и да се елиминираат инфлационите очекувања. Почетниот успех во воспоставувањето на внатрешната рамнотежа, лесното финансирање со неидентификувани приливи на дефицитот на тековната сметка и зголемените девизни резерви, ги охрабрија креаторите на економската политика да продолжат без промени и во 1995 година. Поради ефектите од “Холандската болест” изгледаше дека стабилизационата политика ја следи зацртаната патека и дека економијата се приближува кон внатрешна и надворешна рамнотежа (точка Е). Но тоа беше само статистичка илузија. Со исчезнувањето на ефектите на “Холандската болест” се виде дека македонската економија на почетокот од реформата (точка А) всушност се наоѓала во уште поголем дефицит на тековната сметка на платниот биланс (во тој случај надворешната рамнотежа е означена со кривата Bw). Поради тоа зацртаната

стабилизациона патека била насочена во погрешна еквилибриумска позиција (точката Е). Поради големата реална апрецијација на курсот на денарот засилена со пониските увозни царини и либерализацијата на увозот во 1995 година, дефицитот на тековната сметка уште повеќе се продлабочи. Очигледно, наместо кон вистинскиот еквилибриум Ew, без ефектите од "Холандската болест" македонската економија се движеше кон точката D.

*"Swan" дијаграм*




*ER-Реален курс (порастот значи реално депрецирање)*
*A-Реална апсорбција*
*YY-Еквилибриум на пазарот на стоки и услуги*
*BB-Еквилибриум на тековната сметка при постоење на ефектот на "Холандска болест"*
*BwBw-Еквилибриум на тековната сметка без ефектот на "Холандска болест"*

Пред крајот на 1995 година поволниот екстерен шок исчезна, што доведе до повторно појавување на површината на слабостите на екстерниот сектор. Владата која се наоѓаше под притисокот на јавните очекувања дека во таа ситуација девалвацијата е неизбежна и под закананата на пропаѓање на стабилизационата политика, одлучи да го засили домашниот фронт. Таа го

стави курсот на денарот во игра како номинално сидро, давајќи со тоа јасен сигнал на јавноста дека ќе ја брани внатрешната стабилност и надевајќи се дека делумно приватизираниот и сѐ уште непреструктуриран реален сектор е способен со зголемена продуктивност да ја брани екстерната рамнотежа.

Кога курсот е во улога на номинално сидро, тој води, а монетарната политика следи. Бидејќи во 1996 година побарувачката за девизи беше повисока отколку понудата, девизните резерви се намалија, предизвикувајќи силна контракција на паричната маса[2] (М1 се намали за 3%, а М2 остана скоро на истото ниво). Ваквата монетарна стратегија резултираше со дефлација која мерена Декември/Декември изнесуваше -0.7%. Поради недостигот од ликвидни средства се акумулираа големи ненаплатени побарувања помеѓу приватните субјекти, како и меѓу приватните субјекти и државата.

Исчезнувањето на ефектот на "Холандска болест" во 1996 година резултираше со намален капацитет за финансирање на дефицитот во тековната сметка на платниот биланс од близу 8%. Во такви услови товарот падна на краткорочни кредити и намалување на девизните резерви. Дефицитот на тековната сметка на платниот биланс беше толку висок што потребното прилагодување во економската политика (на пример девалвација) се закануваше да ја наруши нежната внатрешна рамнотежа. Во тоа време веќе беше видливо дека македонската економија се наоѓа во точката D индицирајќи силно прецeнет курс на денарот.

Очигледно, промената на економската политика од парично базирана стабилизација кон стабилизација базирана на курсот не беше најсоодветен избор. Политиката на таргетирање на паричната маса поддржана со фискални прилагодувања и контрола на платите функционираше доста добро во 1994 и

[2] Домашните извори на понуда на пари не беа доволни да ги покријат негативните ефекти од намалувањето на девизните резерви, поради високите каматни стапки, малиот број атрактивни инвестициони проекти, несоодветна распределба на ликвидните средства помеѓу банките (банките кои имаа ликвидни средства го имаа достигнато кредитниот плафон, додека банките кои сѐ уште имаа простор да даваат кредити немаа ликвидни средства), и намалениот паричен мултипликатор.

1995 година. Таквата политика требаше да продолжи и во 1996 година, но со поактивна употреба на курсот за политиката на свртување на потрошувачката, со постепена девалвација за најпрво да се изврши корекција поради преценетоста. Како и да е, мора да се признае дека политиката за прилагодување на побарувачката која ја спроведуваа монетарните власти не успеа да ја доведе економијата ниту во точката Е, бидејќи преструктурирањето заостануваше.

Наместо да се занимава со преструктурирањето на микро и макро ниво, Владата со своето однесување создаде впечаток кај приватните субјекти дека е повеќе заинтересирана за распределбата на приватизациониот колач и бенефициите од краткорочниот поволен екстерен шок помеѓу разните лоби групи. На тој начин, таа пропушти единствена прилика користејќи го тригодишниот тајм-аут во кои ги уживаше поволностите од екстерниот шок да ја подготви македонската економија за натпревар во пазарен амбиент.

Целиот процес на преструктурирање се сведе на намалување на буџетските расходи и приватизацијата на општествените претпријатија. Намалувањето на буџетските расходи не беше следено со реформа на државната администрација. Улогата која новоформираните приватни претпријатија можеа да ја одиграат во преструктурирањето на економијата беше занемарена. Недостатокот од транспарентност на економската политика и преголемата употреба на дискреционите права во корист на избрани интересни групи, создаде многу пречки за регуларен пазарен натпревар. Оттука, дојде до дисторзија на пазарите и се испрати порака дека само со лобирање за бенефиции може да се успее. На овој начин, приватизираните претпријатија беа заштитени од пазарниот притисок кој требаше да ги присили да се преструктурираат.

**“Холандска болест” - втор пат**

Вториот случај на “Холандска болест” беше предизвикан од големиот светски медиумски настан, “Косовската криза”. Иако војната траеше од март до јуни 1999 година, целиот настан со подготовките, воздушниот удар и

повоената инволвираност на меѓународната заедница имаше силно влијание врз македонската економија од почетокот на 1999 година до крајот на 2000 година. "Настанот" кој се случуваше во македонското соседство привлече голем број на НАТО војници, хуманитарци, бегалци, новинари и лица од јавниот живот кои ја користеа Македонија како база за нивните активности. Големиот пораст на потрошувачката на нерезидентите и странските донации имаа исклучително позитивно влијание врз Платниот биланс туркајќи ги девизните резерви до историски највисоки вредности.

*IS-LM-BP дијаграм*




Потрошувачката на нерезидентите беше особено изразена кај услугите. Угостителството, телекомуникациите, изнајмувањето недвижности и возила, и воздушниот транспорт реално растеа со стапки од дури 100% во 1999 година. Официјалните трансфери од странство и потрошувачката на нерезидентите заедно го зголемија своето учество во БДП од 2.1% во 1998 година, на 4.6% во 1999 и 5.5% во 2000 година. Како резултат на тоа, девизните резерви пораснаа од 340 милиони САД $ во 1998 година, на 460 милиони во 1999 и 710 милиони САД $ во 2000 година. Надворешното поместување на BP кривата предизвикано од меурот на "Холандската

болест", резултираше со надворешно поместување на LM кривата, односно раст на понудата на пари и експанзија на производството. Ригидноста на каматните стапки остана до пред крајот на 2000 година кога СДИ и преструктуирањето во банкарскиот сектор во последните две години ја зголемија респонзивноста на каматните стапки на пазарните сигнали. Производството на разменливи стоки по падот во првата половина на 1999 година, беше силно поттикнато од екстерната побарувачка по завршувањето на "Косовската криза". Откако ефектите од поволната екстерна побарувачка за разменливи стоки беа исцрпени во период од една година, индустријата навлезе во рецесија. Услугите продолжија со добри перформанси и понатаму сé до почетокот на 2001 година кога ефектите од "меурот" беа прекинати од најсилниот негативен шок (внатрешната безбедносна криза) кој некогаш ја погодил македонската економија.

**Заклучок**

Непрепознавањето на вистинската природа на екстерните шокови доведоа до несоодветни одговори на економската политика. Меурите на "Холандската болест" доведоа две различни Влади во позиција на самозадоволство со економските перформанси, одвлекувајќи им го вниманието од преструктуирањето на економијата и зголемувајќи го нивото на толеранција за корупцијата. Во период од седум години истата грешка беше направена двапати. Имајќи ја предвид структурата и големината на македонската економија многу е веројатно дека таа би можела повторно да биде погодена од некоја форма на "Холандска болест" во иднина. Фрлањето повеќе светлина на минатото може да спречи повторување на истата грешка по третпат.

**Литература**


1.Бишев Глигор (1997), "Тековна економска ситуација во Македонија и перспективи", работен материјал

2.Corden, W. Max (1990), "Политика на курсот во земјите во транзиција", Работен документ на светската банка

3.Група автори (1996), “Оживување на растот во земјите во транзиција”, ММФ повремени документи 139
4.Народна банка на Македонија (1997), “Годишен извештај за 1996”, НБМ
5.ММФ (1993), “Координирање на стабилизацијата и структурните реформи”, Институт на ММФ